РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Национална установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби-Градско
Бр. 05-105/1
20 год.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ СТОБИ – ГРАДСКО

- **Период: 01.01 – 31.12.2018 год.**

## МЕЃУНАРОДНА ДЕЈНОСТ

**Стоби, март 2019 год.**

Археолошки локалитет Стоби, 1420 Градско
Република Северна Македонија
тел. +389 43/25 10 26, факс: +389 43/25 10 50
e-mail: contact@stobi.mk
www.stobi.mk

Archaeological site Stobi, 1420 Gradsko
Republic of North Macedonia
phone: +389 43/25 10 26, fax: +389 43/25 10 50
e-mail: contact@stobi.mk
www.stobi.mk

# I. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

## Проект во рамки на Годишната програма за работа на Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби – Градско од областа на меѓународната дејнсот за 2018 година

**1. Име на проект: Учество на Семинар за Технологија на Обработка на Коска**

Семинарот за технологија на обработка на коска е единствен од ваков вид, каде се овозможува музејските работници да се стекнат со повеќе знаења од областа на археозоологијата. Обуката на семинарот беше разделена во две етапи:

**1. Теоретска** - предавања за начинот на селекција на суровина од животинска коска, технолошките процеси при обработка на коската и употребувани алатки. Предавањата се одржаа во просториите на универзитетот Париз Нантер, во периодот од 5-ти до 9-ти Март, а во нив активно учество земаа 8 студенти од истоимениот универзитет, еден студент од Јагелониан универзитетот во Краков, Полска и двајца асистенти истражувачи од Османие Коркут Ата Универзитетот во Турција.

**2. Практична и експериментална работа** – анализа и идентификација на предмети од коска, слонова коска и рог, анализа на површинските траги од обработка и употреба, препознавање на природни и човечки модификации кај коските.

По завршување на обуката, учесникот Златко Кованцалиев – виш кустос од НУ Стоби се стекна со напредни знаења од областа на археозоологијата кои веќе наоѓаат примена во неговата секојдневна работа во НУ Стоби.

Стоби, 27.03.2019 год.

Национална установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби, Градско, Република Македонија

Спасе Перовски
директор